Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 30, 2 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научна област италијански јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област лозарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област овоштарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник – асистент/помлад асистент за наставно-научна област турска книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Медицинска генетика“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по педијатрија за студенти на висока здравствена школа“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки, Висока здравствена школа, при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК – АСИСТЕНТ/ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на својата 10-та редовна седница, одржана на 10.8.2009 година, нè избра за Рецензентска комисија за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научната област ***турска книжевност***. По прегледот на поднесените документи, на Наставно-научниот совет му го го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 11.7.2009 година, се пријавил кандидатот м-р Махмут Јонуз.

***Биографски податоци***

**М-р Махмут Јонуз** е роден на 3 октомври 1967 година во Врапчиште. Основно образование завршува во родното место, а средно образование во општинската гимназија во Гостивар. Високото образование го завршува во 1995 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Групата за турски јазик и книжевност.

Во 1996 година се вработува во ОУ „Јане Сандански“ во Скопје, каде што предава турски јазик и литература. Две години потоа работи во гимназии во Гостивар и во Тетово. Од 2004 до 2006 година е заменик-директор во гостиварската општинска гимназија, каде сè уште работи како професор.

Во 2000 година се запишува на постдипломски студии на Пловдивскиот универзитет, Институт Карџали. На 18 септември 2002 година го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Општ преглед на турската детска литература во Република Бугарија и во Република Македонија“*.

Во 2008 година пријавува тема за докторска дисертација, со наслов *„Интерпретација на расказите од турската литература за деца на првата повоена генерација во Македонија“* на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Темата за докторска дисертација е одобрена од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

М-р Махмут Јонуз учествува на многубројни семинари и конференции во земјава и во странство. Некои од тие меѓународни семинари се следниве:

**II. Ulusal Çocuk ve Gençlik Edebiyatı Sempozyumu,** ***Ankara, (Turkiye);***
**IV. Klasik Turk Edebiyati Sempozyumu, Kayseri, (Turkiye)*;***
**Uluslararası Çocuk Edebiyatı Kongresi,** ***Kafkas Üniversitesi –Baku, (Azerbeycan);***
**II. Uluslararası Türk Dili ve Edebiyatı Öğrenci Kongresi**, ***İstanbul, (Turkiye) ;***
**Türk Dünyası Edebiyat Dergileri Kongresi, Gazi Üniversitesi**, ***Ankara, (Turkiye).***

Махмут Јонуз бил учесник во меѓународни проекти, како и проекти во Р. Македонија, како што се: „Integration of ICT into Curriculum“, „Project Title, Extra-curricular Activities for Etnically Mixed school Children“, „Креативна настава и учење“, „Наставни програми и методологии“ и др.

Освен овие активности, тој учествува и како:

- член на комисија за давање мислење за печатење на учебници по турски јазик од страната на Бирото за развој на образованието;
- надворешен соработник во Бирото за развој на образованието на Република Македонија;
- член на Собранието на невладината организација за просвета, култура и уметност „АДЕКСАМ“.

***Објавени научни и стручни трудови***

Од неговите стручни и научни трудови ќе наведеме само некои:

1. ***Birinci Kuşak Türk Çocuk Edebiyatı Yazarları*** (Писатели од првата повоена генерација на турската литература за деца), HİKMET, Mayıs 2003 у. Gostivar.
2. **Makedonya Türk Çocuk Oyunlarında Sayışmacalar** (Реденките во турските детски игри во Македонија), HİKMET, Mayıs 2007 у. Gostivar. **Demokrasi Derken,** El Hilal,1994, Üsküp.
3. **Makedonya ve Bulgaristan Türk Çocuk Edebiyatına Genel Bakış** (Општ преглед на литературата за деца во Македонија и во Бугарија), Hikmet, Ocak 2004.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот ги исполнува сите законски критериуми за избор во академското звање асистент, во согласност со Законот за високото образование и Статутот на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, односно учество на конференции, семинари, како и други активности и објавени трудови, според условите предвидени во член 6 од Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

Затоа, Комисијата едногласно се сложи да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, кандидатот **м-р Махмут Јонуз да биде избран во звањето асистент за наставно-научната област *турска книжевност***.

**Рецензентска комисија**
**Доц. д-р Севин Алил - претседател, с.р.**
**Доц. д-р Октај Ахмед - член, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова - член, с.р.**

**ТАБЕЛА**

**за вреднување на активностите на м-р Махмут Јонуз според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИСУ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| | | | **4** |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 4 | 3 | 6 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 2 | 1,5/2 | 4 |
| Учесник на научен проект | 2 | 5 | 10 |
| Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 0,5 | 0,5 |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | 2 |
| | | | **22,5** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **26,5** |